# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Службен весник на РМ, бр. 145 од 05.11.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008 и 161/2008), во членот 48 став (1) зборовите: "пет години, без право на повторно именување" се заменуваат со зборовите: "четири години со право на уште едно именување".

Во ставот (2) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "со право на уште едно именување".

**Член 2**

Во членот 48-а став (1) алинеја 2 зборовите: "правото и економијата" се заменуваат со зборовите: "правните и финансиски работи и антикорупцијата".

**Член 3**

Во членот 48-б став (1) зборовите: "дневниот печат" се заменуваат со зборовите: "најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои се издаваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) На член на Државната комисија, од денот на именувањето до денот на престанокот на мандадот, како член на Државната комисија, ако е во работен однос, работниот однос му мирува."

**Член 4**

Во членот 48-г ставот (2) се менува и гласи:

„Членовите на Државната комисија функцијата ја вршат професионално."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) На членовите на Државната комисија висината на платата и другите надоместоци им се утврдува во согласност со законот со кои се утврдуваат платите на избраните и именувани лица."

**Член 5**

Постојните членови на Државната комисија ја вршат функцијата до именувањето на членовите на Државната комисија согласно со одредбите на овој закон.

Именувањето на членовите на Државната комисија, согласно со овој закон ќе се изврши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за спречување на корупцијата.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".